Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-966/3

Датум: 26. 10. 2023

До

г. [redacted]

ул. „[redacted]

[redacted]

**Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

Врска (Ваш број):

Почитуван г-дин [redacted],

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации бр. 03-966/1 од 09.10.2023 година, чиј прилог е и овој Одговор.

Имено, Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted] и по пошта, препис од следната информација:

1. Делот од Записник од 323-та седница на Инспекцискиот совет одржана на 28.09.2023 година, на кој Советот го има разгледано Приговорот против Одговор на претставка УПП 16- 120/2023 од 07.09.2023 година архивиран во Инспекцискиот совет на ден 19.09.2023 година со УПП 16-120/2023.
2. Покана за одржување на 323 - та седница на Инспекцискиот совет одржана на 28.09.2023 година.

Со оглед на побараното од Ваша страна, во прилог Ви доставуваме:

- Заверена копија – верна на оригиналот, од дел од Записникот од 323-та редовна седница на Инспекцискиот совет. Приложената заверена копија се однесува на содржината на расправата и усвоениот заклучок по точка 19 од утврдениот дневен ред за истата седница, којашто е предмет на Ваш интерес, а којашто гласи:"Информација по приговор на одговор на претставка УПП 16-120 од 19.09.2023 година – Област 6 – Управа" од утврдениот дневен ред за истата седница, којашто е предмет на Ваш интерес;

- Заверена копија – верна на оригиналот, од Покана за одржување на 323-та седница на Инспекцискиот совет одржана на 28.09.2023 година.

Инспекциски совет

Ул. „Даме Груев" бр. 3, блок 2, локал 5
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: (02) 3103-030
Е-пошта: contact@is.gov.mk
Веб страна: www.is.gov.mk

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил: Андријана Алексова,советник

Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор